# KNOWLEDGE


INTERNATIONAL JOURNAL
Scientific and Applicative Papers
Vol. 8/1
2015

# THE ROLE OF OUTREACH NURSING SERVICE IN HEALTH CARE OF MOTHERS AND CHILDREN

**Senior lecturer D-r. DomnikaRajchanovska,[1]Senior lecturer. D-r. IzabelaFilov,[2]Prof. D-r. LencheMirchevska,[3]Senior lecturer D-r. TanjaJovanovska,[4]Senior lecturer D-r. ViktorijaP. Stojcevska,[5]Lecturer M-r. Gordana R. Dimitrovska[6]**

**[1,2,3,4,5,6] University "St. Kliment Ohridski"- Higher Medical School - Bitola, Republic of Macedonia,**

**email: dr.rajcanovska@gmail.com**

## ABSTRACT

Promoting the health of mothers and children, as the two most vulnerable population groups, is one of the most important priorities of each country. Health and social well-being of mothers and children is very important for the overall health of the community. The most important role in the implementation and realization of complete health care for mothers and children, has the outreach nursing service. It participates in the implementation of programs for preventive health care for pregnant women,wetnurse, newborns, infants, young and school-age children, special needs children and adolescents. Outreach nursing service performs field work through visiting families, which contributes to establishing the impact of environmental factors on the health of mothers and children. Quality educated and trained nurse provides continuous care at home and implement health education. Outreach nursing service in the country operates within the health centers. According to the standards, on an overall number between150 and 200 infants and mothers, there should be one nurse, ie.,one nurse on every 5000-6000 inhabitants. The results from the field research show that this principle is not fully applied, especially in rural and remote areas, thus compromising the principle of equal access for all to health services. Macedonia has done a lot in improving the health status of mothers and children and has made significant progress in the reduction of maternal, infant and child mortality. These health indicators reflect not only the health status of the population as a whole, but are important indicators of the quality of the country's healthcare system.

**Key words:** Outreach nursing service, prevention, pregnantwomwn, newborn.

# УЛОГАТА НА ПАТРОНАЖНАТА СЛУЖБА ВОЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА МАЈКА И ДЕТЕ

**Виш предавач д-р. Доминика Рајчановска,[1] Виш предавач д-р. Изабела Филов,[2] Проф. д-р. Ленче Мирчевска,[3] Виш предавач д-р. Тања Јовановска,[4] Виш предавач д-р. Викторија П. Стојчевска,[5] Виш предавач м-р. Гордана Р. Димитровска[6]**

**[1,2,3,4,5,6]Универзитет "Св.Климент Охридски", Висока медицинска школа Битола, Република Македонија**

**email: dr.rajcanovska@gmail.com**

**Абстракт**

Унапредувањето на здравјето на мајките и децата,како две најранливи популациони групи, е еден од најважните приоритети на секојадржава.Здравјето и социјалната благосостојба на мајките и децата е од особена важностза севкупната здравствена состојба во заедницата.Најзначајна улога во спроведување и комплетно реализирање на здравствената заштита на мајките и децата, има партонажната служба. Таа учествува во реализирање на програмите за превентивна здравствена заштита на бремени жени, леунки, новороденчиња, доенчиња, мали и училишни деца, деца со посебни потреби и адолесценти. Патронажната служба обавува теренскаработа, преку посети во семејствата,утврдувајќи го влијанието на факторите во средината врз здравствената состојба на мајките и децата. Квалитетно едуцирана и обучена патронажна сестра обезбедува континуирана нега во домашни услови и спроведува здравствено воспитна дејност. Патронажната служба функционира во рамките на здравствените домови. Според стандардите, потребна е една сестрана 150-200 доенчиња и мајки, односно на 5000 - 6000 жители. Увидите на теренот покажуваат дека овој принцип во целост не е применет, особено во руралните и оддалечени подрачја, со што се компромитира принципот на еднаков пристап на сите до здравствените услуги. Република Македонија има направено многу во подобрувањето на здравствениот статус на мајките и децата и има постигнато значаен напредок во редукцијата на матерналната, доенечката и смртноста на децата. Овис здравствени индикатори го отсликуваат, не само здравствениот статус на населението во целост, туку претставуваат и важни показатели на квалитетот на здравствениот систем на земјата.

**Клучни зборови:**Патронажна служба, превенција, бремени, новородени, леунки